AGENCY FOR MOBILITY AND EU PROGRAMMES

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



# Проект
# “Еко градини во нашите детски градинки”

2018-1-HR01-KA201-047502

---

## Прирачник за воспитувачи од предучилишна возраст

### Како практично да се пристапи кон проблематиката за повторно користење и компостирање на цврстиот отпад









WWW.ECOGARDENS.EU

# ПОГЛАВЈЕ 1. ГЕНЕРАЛЕН ПОГЛЕД НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ЕНОРМНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВРСТ ОТПАД СО КОИ СЕ СООЧУВА ЧОВЕШТВОТО

## I.1ВОВЕД- ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВРСТИОТ ОТПАД- ГЛАВЕН ПРЕДИЗВИК СО КОЈ СЕ СООЧУВА ЧОВЕШТВОТО

### I.1.1 Отпад- од каде доаѓа?

Можеме да кажеме дека **отпад** е супстанца или предмет од кој човекот кој го произвел сака да се ослободи. Честопати отпадот го гледаме само во кантата за отпадоци и не не загрижува многу, но всушност **отпадот е многу сериозен проблем за планетата**. Зошто?
**Во природата концептот за отпад не постои**. Всушност, во биолошкиот циклус се што е отстрането од еден организам претставува ресурс за друго живо суштество, па поради тоа ништо не се уништува туку се трансформира. Мртвите организми, животинскиот измет или остатоците од растенијата се дефинираат како органски отпад и се употребуваат како храна за видови на организми кои се познати како декомпостери, кои го трансформираат овој органски отпад во значаен ресурс и поради тоа се многу важни.
Се до последниот век,човекот се однесувал слично како природата. Особено во фармерското општество, поради недостиг на ресурси се било искористувано и ништо не било фрлано како отпад се додека може да му се најде некоја корист.
Развојот на индустриската револуција и зголемувањето на добра кои се воведувале во општеството исто така резултирало со зголемена потрошувачка, а од таму и со зголемување на количината на отпад. Всушност во сегашниот социјален и производствен модел по искористувањето на материјалот и енергијата од природата заради производство на добра, следи процес на производство на отпад. Отпадот не е само органски како што беше случај во пред индустриското општество, туку и неоргански ( како што е пластиката) и честопати останува во природата за долг временски период без да биде ресурс или храна за некој друг жив организам.
Ова наведува на две работи:

- Прво целиот отпад е произведен од нас за време на нашите дневни активности, како и од индустриите кои произведуваат производи за широка потрошувачка,но исто така
- Не постојат чистачи кои можат да повторно да употребат голем дел од нашиот отпад, па поради тоа истиот се акумулира во големи количини. Човештвото е во потрага по решенија за овој проблем.



Отпадот во прединдустриското општество...

Иако и во минатото луѓето произведувале помала количина на отпад, проблемот со тоа каде да се складира отпадот постоел уште во тоа време. Се што не можело да биде рециклирано или реупотребено честопати било исфрлано на патиштата со огромни последици по здравјето на луѓето. Како алтернатива на овој начин, отпадот бил пален или закопуван под земјата надвор од населените места, што придонело до формирање на првите складишта за отпад. Во античко време отпадот бил многу по различен од денешниот. Целокупниот отпад бил претежно органски и главно го сочинувале производи кои биле отстранувани од работилници и кујни, човечки и животинкси отпад, трупови и нивни остатоци.

… отпад во потрошувачкото општество

Голема промена настанала во втората половина од XIX век. Со индустриската револуција започнала интензивна експлоатација на ресурсите. Индустриите започнале со масовно производство на добра, кои биле многу поекономични од оние кои биле рачно изработени од занаетчиите и со тоа многу по достапни до секој поединец. Наскоро луѓето преминале од штедливо и полу земјоделско општество во индустриско потрошувачко општество при што ги присвоиле предметите за еднократна употреба како нивен стил на живот. Од пред неколку децении, предметите повеќе не се поправаат, ниту пак се реупотребуваат бидејќи многу лесно можат да се заменат со нови. Како резултат на ова се појавува многу поголема количина на отпад од капацитетот на планетата истиот да се складира, што претставува негативен симбол за богатство и благосостојба. Со почетокот на индустриската ера и видот на отпад е променет. Покрај зголемените количини на стакло, метал и органски отпад, новите материјали како што е пластиката, се појавиле, а истите не се биоразградливи и остануваат во околината многу долго време.

### I.1.2. Урбан Цврст Отпад- дефиниција

Отпадот што секојдневно го произведуваме се дефинира како Урбан Цврст Отпад (УЦО) и е составен од сите работи кои ги отстрануваме во текот на дневните активности. Секој друг отпад е дефиниран како специјален отпад, кој е составен од отпадот при индустриски активности, работилници, болници и сл. За да можеме да го упростиме начинот на собирање отпад, УЦО е поделен во фракции во зависност од составот. Ова се главните шест категории:

- Материјали кои се рециклираат (хартија, пластика, стакло и сл);
- Материјали кои се компостираат (остатоци од кујна, од градинарство и сл);
- Гломазни материјали (мебел, и сл);
- Трајна стока, отпадна електрична и електронска опрема (компјутери, телевизори, фрижидери и сл);
- Опасен урбан отпад ( батерии, лекарства, акумулатори и сл);
- Останато ( се што не е класифицирано во претходните категории)







## Што има во нашиот смет?

Сите лименки, шишиња и хартија кои ги фрламе можат да се рециклираат во нови работи. Дрвото, храната и отпадот од дворовите можат да се компостираат. Ова ги претвара во здрава почва која е погодна за растење на растенијата.

Погледнете во вашиот смет и проверете дали некои работи можат да бидат рециклирани, компостирани или реупотребени наместо да бидат фрлени засекогаш во депонија.

| Може да се рециклира | Може да се компостира |
| --- | --- |
| Лименки | Листови |
| Шишиња | Трева |
| Пластични туби | Гранки |
| Хартија | Остатоци од храна |
| Картони | |

## I.1.3. Колку отпад навистина произведуваме?

Производството на општински цврст отпад **(ОЦО=цврст отпад)** по глава на жител е зголемено од 4.48 фунти на ден во 2015 на 4.51 фунти по жител на ден во 2017 година. Генерирањето на ОЦО по глава на жител го достигна врвот во 2000 година. Хартијата и производите од картон го составуваат најголемиот процент од сите материјали во цврстиот отпад,односно 25 %.
Отпадоците од дворовите ја сочинувале четвртата најголема категорија, приближно околу 35,2 милиони тони, односно 13,1 процент од вкупниот отпад во 2017. Споредено со 1990 година тие биле 35 милиони тони, а претставувале 16,8 проценти од вкупниот отпад. Овој пад во собирањето на отпад од дворни исечоци од 1990 год најмногу се должи на државните закони кои ги обесхрабрувале луѓето да го носат овој отпад во депонија, како и мерките за ограничување на изворите за отпад како што се компостирање и оставање на косената трева во дворовите.
Во 2017, отпадот од пластика бил 35,4 милиони тони, односно 13,2 проценти од вкупниот отпад. Ова значи дека имало зголемување од 4 милиони тони во периодот од 2010 до 2017 година, и најголем дел бил од цврста стока, пакувања и обвивки. Собирањето на пластичен отпад пораснал од 8,2 проценти во 1990 година на 13,2 проценти во 2017 год. Во последниве пет години процентот на собирање на пластичен отпад исто така е во пораст.
Во 2017 година 2,8 милиони тони на отпад од електрични апарати за широка потрочувачка бил собран, што претставува помалку од 2% од вкупниот цврст отпад. Овој електричен отпад го сочинуваат производи како телевизори, видео рекордери, ДВД плеери, видео камери, стерео системи, телефонска и компјутерска опрема.



## I.1.4. Предизвици со кои треба да се соочиме

### Како да ја намалиме количината на отпад

Трите Р (редуцира, реупотребува и рециклира) не учат како на нов начин да размислуваме за отпадот за да ја заштитиме планетата.

Лим, алуминиум, пластика и други материјали во светот ги има само во одредени количини кои можеме да ги употребиме за да направиме производи. Ако сите редуцираме, реупотребуваме и рециклираме можеме да помогнеме да се зачуваат овие ресурси.

### Редуцира

Ова "Р" значи да не го ни започнуваме создавањето на отпад. Понесете ручек во пакување што може да се реупотреби или рециклира, како на пример кутија за ужина.

- Компостирајте ги остатоците од храна во корпи за црви.
- Избегнувајте производи за една употреба. Наместо да користиме производи за една употреба и да го фрлиме, подобро да употребуваме пелени и марамчиња од ткаенини, вистински крпи, батерии кои се полнат, чинии, чашки и прибор за повеќе употреби.

### Реупотреба

Ова "Р" значи да употребуваме еден производ повеќе пати отколку да го фрламе или рециклираме.

- Користете остатоци од хартија за уметнички проекти.
- Реупотребете хартиени кеси, украсна хартија или весници како обвивки за книги.
- Направете продажба во дворот или донирајте облека и играчки доколку веќе не ви се потребни.
- Направете кутија за реупотреба во училницата за моливи,пенкала, папки или други работи кои може уште да се употребуваат.
- Искористете ги и двете страни од листот хартија пред да го рециклирате.

### Рециклира

Ова "Р" значи од нешто старо да направиме нешто ново. На пример од лименката од испиениот сок во фабриката ќе се направи алумниумска палка за бејзбол. Или од пластиката од пакување млеко може да се направи јакна.

### Загадување на површинските води

Отпадот што завршува во водата негативно ја менува хемиската структура на водата.Технички ова се нарекува загадување на водата. Ова влијае на целиот екосистем кој постои во водата. Исто така е штетно и за животните кои ја пијат оваа загадена вода.

### Загадување на почвата

Штетните хемикалии кои навлегуваат во почвата (контаминатори) можат да им наштетат на растенијата кои ги впиваат истите преку нивните корени. Доколку луѓето јадат храна од растително и животинско потекло која била во контакт со ваква загадена почва, може негативно да се одрази по нивното здравје.

## Исцедок

Течноста која се формира како водени бразди  околу контаминирани области се вика исцедок. Ова е многу штетна мешавина од хемикалии која може да предизвика огромни штети доколку навлезе во површинските води, подземните води или во почвата.

## Загадување

Лошото раководење со отпадот може да резултира со загадување на почвата и воздухот и да предизвика респираторни проблеми или други несакани ефекти по здравјето ако овие контаминатори се апсорбираат од белите дробови во другите органи на телото. Како да го намалиме отпадот.

## Општинска благосостојба

Секој сака да живее и да посетува места кои се чисти и здрави. Град кој има слаби санитарни услови, лоша миризба и отпад насекаде нема да привлече добри луѓе, инвеститори или туристи. Таквите градови имаат ниски стандарди за живот.

## Приход од рециклирање

Градовите кои не инвестираат во рециклирање и правилно управување со отпадот не остваруваат приходи од рециклирање. Исто така ги губат и можностите за работа кои произлегуваат од рециклирање, компостирање и бизниси кои се занимаваат со нив.

## Подобро отстранување на отпадот

Замислете ако сите ние го фрламе ѓубрето како ќе посакаме. Замислете ако не постои авторитативно тело кое го надгледува начинот на прибирање отпад од сите претходно наведени извори. Замислете ако само го фрлиме отпадот на некоја депонија или во најблиската река. Што мислете дека би се случило? Катастрофа! Начинот на прибирање отпад продолжува да биде еден од приоритетите на државните и локалните власти. Концептот за интегрирано управување со цврстиот отпад се почесто се користи од државната и локалната власт за планирање на иднината. Оваа пракса значи намалување на отпадот пред да влезе во отпадниот систем како и рециклирање и компостирање на собраниот отпад. Ова истотака вклучува и практики кои овозможуваат создавање на енергија од распаѓање на отпад кои се во склад со стандардните или новите технологии за конверзија на отпадот.

## Отпадот е ресурс

Што ако би можеле да го искористиме отпадот како ресурс и со тоа да ја намалиме побарувачката за добивање на нови ресурси? Употребата на помалку материјали и искористувајќи ги постоечките ресури ќе помогне да се избегнат некои од влијанијата кои настанале во синџирот. Во оваа смисла неискористениот отпад претставува потенцијална загуба.
Претварањето на отпадот во ресурс до 2020 година е една од главните цели на планот на ЕУ за Европа со ефикасни ресурси. Планот ја нагласува потребата за обезбедување висококвалитетно рециклирање, намалување на депониите, да се ограничи обновувањето на енергија за материјали што не се рециклираат  и да се сопрат нелегалните испораки на отпад.
Возможно е овие работи да се постигнат. Во многу земји кујнскиот и дворниот отпад го сочинуваат најголемиот дел од насобраниот цврст отпад. Овој тип на отпад, кога се собира одделно, може да се претвори во извор на енергија или ѓубриво. Анаеробно варење е метод за управување со отпад со кој био-отпадот доаѓа до процес на биолошко разградување слично како во депониите, но во контролирани услови. Анаеробното варење произведува биогас и останат материјал, кој понатаму може да биде употребуван како ѓубриво, како компост.

Во 2011 год се направило истражување за потенцијалните придобивки од подоброто управување со цврстиот општински отпад. Резултатите се зачудувачки. Подобреното управување со цврстиот отпад во периодот од 1995 до 2008 година резултирало со значително помали емисии на стакленички гасови во околината, особено на метан од депонии и емисии кои се избегнати со рециклирање. Ако до 2020 год, сите држави целосно ги исполнат директивите за пренасочување на депониите, можат да се намалат дополнителни 62 милиони тони CO2 еквивалентни на емисија на стакленички гас од животниот циклус- што ќе биде значаен придонес кон напорите на ЕУ за ублажување на климатските промени.

## I.2. ЗОШТО Е ВАЖНО ДА ГО КОМПОСТИРАМ МОЈОТ ОРГАНСКИ ОТПАД

Органскиот отпад доаѓа од растителни и животински извори. Вообичаено се состои од остатоци од храна, лушпи од овошје и зеленчук, исечоци од цвеќиња па дури и изметот од кучињата се класифицира како органски отпад. Тие се биоразградливи (ова значи дека лесно можат да се разложат од други организми и со време да се претворат во ѓубриво). Многу луѓе го претвараат нивниот органски отпад во компост и го користат во своите градини.
Со компостирањето го завршувате циклусот на враќање во почвата на она што сте го произвеле (одгледале), за да можете повторно да одгледувате.

- **Го намалува отпадот што се носи на депонии**- Со компостирање во нашите дворови можеме да ја намалиме количината на отпад што се носи во пренатрупаните депонии.
- **Ја намалува емисијата на стакленички гас** – Органските производи закопани во депониите се разградуваат многу бавно без присуство на кислород. Кога ова се случува се произведува метан, стакленички гас.
- **Го намалува загадувањето** – Кога органските производи се разградуваат без присуство на кислород, како што е случајот во депониите,се произведува токсична течност позната како исцедок. Исцедокот може да ги загади почвата и изворите за питка вода.
- **Се намалува потребата од хемиско ѓубриво и пестициди** – Конечниот компост (или хумус) е богато, природно ѓубриво кое ги враќа хранливите материи во почвата придонесувајќи за раст на здрави растенија
- **Пониски трошоци за отстранување на отпад** – Помалата количина на ѓубре значи помалку отпад за собирање и транспортирање, а со тоа и пониски трошоци за отстранување на отпад
- **Компостирањето е најдобро решение**. Една од главните предности на домашното компостирање е производство на природен, вреден и корисен производ во вид на компост ѓубриво за градини. Исто така заштедува и пари.
- **Провев** - Компостот е природен сунѓер, кој складира вода и држи влага во почвата за растенијата да ја користат кога е потребно. Кога врне, водата што паѓа на почвата се собира во компостот, наместо да се одлева во одводите. Тоа значи дека растенијата можат да црпат вода дури и неколку денови после врнежи, намалувајќи ја потребата од секојдневно наводнување.
- **Климатски промени** - Здравата почва го намалува вишокот на јаглерод од воздухот и го складира во земјата (тој јаглерод станува дел од дрвата и други растенија кои растат на таа почва). Осиромашената почва, која има помалку органски материи, нема можност да апсорбира јаглерод.
- **Здрава храна** - Компостот е природно и многу ефикасно ѓубриво кое ја снабдува вашата градина со сите материјали потребни за да одгледувате прекрасен зеленчук. Сите ние јадеме и претпочитаме нашата храна да е здрава и да не е одгледана со синтетички ѓубрива. Здрава почва= здрава храна. здрава храна=здрави луѓе.

## I.3.ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА ОКОЛИНАТА ПОМЕЃУ ДЕЦАТА

Основното образование е многу значајна фаза во развојот на начинот на однесување на личноста, социјалната свесност и несебичност. Во училиште учиме вредности и начини на однесување кои остануваат со нас и во текот на годините не дефинираат кои сме како луѓе. Поради тоа е многу важно да се развие интерес за грижа и заштита на околината кај децата додека се во училишна возраст.
Целта да се едуцираат децата за прашањата од животната средина е кај нив да се развие грижа за истата како дел од нивниот живот, наместо да ја изучуваат само како предмет. Идејата е кај младите да се развие цврста еколошка свест која би значела проактивен став и решителност за да ги надминеме предизвиците со кои се соочуваме денес при заштита на околината.

Образованието за околината исто така има и други позитивни ефекти кај младите. Во 2017 год, Универзитетот Станфорд проучувал како овој предмет влијае на децата во училишна возраст, анализирајќи ги децата од јаслени групи па се до средно образование. По истражување на повеќе од сто научни студии, објавени на оваа тема до 1994 до 2013 година од други институции, заклучиле дека 83% од децата во училишна возраст го подобриле однесувањето кон околината и 98% имале подобри резултати во други области како наука и математика.
Образованието за околината е животен процес и како таков треба да биде вклучен во учебната програма на сите основни и средни училишта, како и во други активности како семинари, конференции и разговори. Начинот на кој ќе се предава во училиштата треба да биде приспособен на возраста на децата и не треба да се само теоретски, туку и практично, занимливо и забавно.
Постојат многу активности кои можат да бидат направени во градините или најблиските паркови. Децата можат да одат надвор и да учат за растенија, дрва, реки, птици и инсекти, но исто така и за проблемите на околината како загадување, емисија на гас, искористување на енергија, рециклирање, правилна употреба на вода и уште многу други важни аспекти.

### Што е свесност за животната средина?

Свесноста за животната средина на некој начин се објаснува самата себе. Тоа значи да бидеш свесен за твоето опкружување.Животната средина се однесува на целата флора и фауна, вклучувајќи ги и морските предели и дивината. Ова е многу важно, земајќи ги во предвид зголемените предизвици со кои се соочуваме како што се:

- климатки промени
- глобално затоплување
- недостиг на вода
- суши
- уништување на шумите
- поплави
- загадување

Училиштата мора да ги обработуваат овие теми. Свесноста за животната средина треба да биде дел од наставата во училиштата. Ова ќе ги охрабри младите да се залагаат да ја заштитат својата животната средина и да помогнат општествата да станат посвесни за истата.
Некои од практичните совети кои училиштата можат да ги користат се:

- Да ги запознаат учениците со 3-те Р: редуцирање на отпад, реупотреба на ресурси и рециклирање на материјали
- Да се организираат денови за засадување дрвца во училиштата и да им се објасни зошто истите се многу важни за животната средина
- Да ги охрабрат учениците да ги исклучуваат сите апарати кога не ги користат
- Да се осигурат дека чешмите се правилно затворени по нивната употреба и да учат да ја штедат водата
- Да направат брошура или книга со активности
- Да организираат еко карневал со костими направени од пластика или еко куклена претстава

- Експерименти
- Подвижни изложби меѓу училиштата
- Да направат еко градини, хотели за пчели, мали фарми за мали животни
- На пластиката да се даде нов живот

### Како наставниците можат да предаваат преку примери?

Повеќето луѓе ги паметат работите што некој ги прави отколку работите што ги кажуваат. Учењето на учениците за тоа што значи да си свесен за животната средина е многу важно, но многу подолготраен ефект има доколку наставниците даваат пример за тоа како треба да бидеш свесен за животната средина.

- За учителите, доколку видете отпад, земете го иако не е Ваш. Тие мали очиња можеби ве гледаат.
- Започнете систем на рециклирање во вашата училница и покажете им на учениците како да ги употребуваат и рециклираат нивните работи.

### Како училиштата можат да помогнат да се рашири веста?

Училиштата треба да ги охрабрат родителите да го споделуваат нивното знаење за животната средина со децата во домовите. Добра идеја е да ги остават децата дома сами да се грижат за нивниот отпад и да го фрлаат во канта за отпадоци, да се учат да ја исклучуваат чешмата кога ги мијат забите или кога ги сапунат рацете да не дозволуваат водата да тече безпотребно, или да ги гасат светлата кога не ги користат. Ова ќе им овозможи да стекнат повеќе знаења за прашањата поврзани со животната средина.

## I.4. ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТИ КАКО ДОБРА БАЗА НА ПРАКТИКИ

### I.4.1. ПОГЛЕДНИ НИЗ ПРОЗОРЕЦОТ - РАЗМИСЛИ, РЕАГИРАЈ, РАДУВАЈ СЕ /2014/2017

**"**Немаме време да чекаме херој кој ќе дојде и ќе ја спаси планетата. Мораме да си креирами наши херои, сите ние можеме да бидеме херои. Разбуди се и направи нешто**"**
**Цел на проектот:** Да ги насочуваме учениците да им се радуваат на новите идеи кои ги развиваат и да ја заштитат околината преку интелигентно користење на ресурсите.






Опфатени се следниве ресурси:

- вода
- хартија
- сурова нафта / пластика

Фокусот е на :

- **РАЗМИСЛИ**: На учениците им е дадена информација за ресурсите на кои се фокусираат учесниците
- **РЕАГИРАЈ**: На учениците им се дадени задачи да најдат начини како да ги користат ресурсите на умерен и разумен начин. Спроведени се експерименти, активности и предизвици.
- **РАДУВАЈ СЕ**: Во овој чекор, учениците се охрабрени да размислуваат за употреба на ресурсите на нов и креативен начин

Како резултат на проектот:

- Учениците го зголемија знаењето за потеклото на ресурсите
- Учениците станаа свесни за производството на отпад, за ограничената достапност на ресурсите, тие се во можност умерено да ги користат ресурсите и да ја намалат нивнтата продукција на отпад.
- Учениците го сменија нивниот начин на живот преку минимизирање на нивната продукција на отпад.
- Имаат паметен пристап до одржливоста.
- Се ограничуват од фрлање на предмети кои имаат штетни влијанија врз животната средина
- Учениците се многу поотворени кон употребата на нови технологии за контакти, истражувања и презентации.
- Имаат желба да ги споделуват знаењата и вештините.

## I.4.2. ВО МАГИЧНАТА ШУМА /2014-2017/

**Цел на проектот:**

Животната средина и нејзината моментална состојба се од интерес на многу луѓе кои се плашат за иднината. Учејќи ги децата во училиштата е основа за природна грижа за планетата земја, бидејќи овие деца ќе бидат тие кои ќе одлучуваат и ќе управуваат со судбината на планетата.
Овој проект, во кој целна група се децата од предучилишна возраст, најверојатно е најдобар начин да им се објасни ситуацијата на децата и да им се покаже како низ игра да ги решаваат проблемите. По овој проект ќе има осум мали шуми во осум земји. Тоа е социјален успех.
Овој проект исто така исполни и социјална улога. Сите училишта вклучени во проектот соработуваа со нивните општини, не само со градоначалници, туку и со заменици или други општински организации, кои придонесоа да се извршат задачите за нивниот училишен проект. Училиштата соработуваа со јавни организации. Врските помеѓу општеството, родителите, но исто така и различни организации и поединци, како и приватни претприемачи се зајакнаа. Имаше соработка не само во рамките на проектот, туку и останати социјални активности беа воспоставени или продолжени. Имаше настани за отстранување на отпад, грижа за цвеќето и тревата во парковите, наводнување и.т.н.. Интересот на организациите и асоцијациите кои го подготвиле материјалот за засадување на училишната шума, се поврза со активностите за грижа за зеленилото и природата во општините и градовите.
.






## I.4.3. ГРАДИНИзаОДГЛЕДУВАЊЕ- Урбана хортикултура за иновативно и инклузивно предучилишно образование /2017-2020/

ГРАДИНИзаОДГЛЕДУВАЊЕ е проект кој е кофинансиран од Еразмус+ програмата на Европската Унија, со цел да обезбеди рано детско образование и грижа/ наставници со иновативна методологија на учење, алатки и материјали за поттикнување на инклузивни ставови и стекнување клучни компетенции од многу рана фаза на развој на детето (3-6) преку хортикултура. ГРАДИНИзаОДГЛЕДУВАЊЕ вклучува 11 Европски партнери- 4 универзитети и центри за истражување, 2 детски музеи, 1 фондација и 4 училишта ( 2 од предучилишна возраст). Ваквите градини ќе бидат трајни места за учење за локалните училишта, ученици, деца и фамилии, каде можат да се сретнуваат и да учат едни од други.

Училишните градини се шират низ цела Европа, како природни места на кои децата можат да имаат вистински контакт со природата, да го дознаат потеклото на нивната храна, да го набљудуваат растењето на цвеќињата и зеленчукот, да експериментираат со природниот раст, да научат животни вештини како одговорност, соработка и самодоверба преку достигувања. Проектот ја охрабрува примената на иновативни и инклузивни педагошки практики во предучилишна возраст, базирано на урбана и социјална хортикултура, преку серија на резултати и флексибилна и отворена програма за обука, така да наставниците во предучилишно образование ќе го трансформираат градинарството во инклузивна и ефективна образовна активност за развој и стекнување на социјални, граѓански и меѓукултурни компетенции.

ГРАДИНИзаОДГЛЕДУВАЊЕ развива избалансирана, транснационална и комплементарна соработка помеѓу: пред-основните и основните училишта, детските /научни музеи/СТЕМ центри и локални образовни институции. Идејата е дека градините во музејот, со активна поддршка и придонес од училиштата, другите партнери и локалните засегнати страни, можат да станат трајни „места за учење“ за локалните училишта, ученици, деца и семејства, каде што можат да се сретнат и да учат едни од други.





## I.4.4. ХРАНА И НУТРИТИВНОСТ ВО ЕЦЕЦ /2018-2020/ - ФИНО!

Храната и начинот на исхрана се важни од многу гледишта:

- Здравје и спречување на болести и дебелина,
- Правилен физички и ментален развој,
- Намалување на отпадот од храна и рециклирање: околу 89 милиони тони - 80 кг по глава на жител се трошат годишно во ЕУ, придружните проценети трошоци се 143 милијарди евра. Во училишните мензи, 20 до 50% од подготвената храна е отпад: предучилишните установи можат да ја преиспитаат својата кантина и да ги рециклираат моделите на остатоци.
- Времето за ручек е социјална, релациона активност и интеркултурно дружба, покажувајќи ја различноста како збогатувачка вредност, со позитивно влијание врз децата
- Неверојатни 88 милиони тони храна се трошат секоја година во ЕУ, што чини околу 143 милијарди евра.

Проектот има за цел:



- стимулирање на свеста, знаењето, вештините на учесниците за главните прашања на исхраната и здравјето на децата, социјално-релациските аспекти на храната во детството, улогата на предучилишните установи во развојот на децата и нивниот успешен живот;
- мотивира почит кон животната средина;
- мотивираат менаџери на предучилишни установи да спроведат стратегии за модернизација и подобрување на системот за кантини, едукација за храна, спречување на отпад од храна и рециклирање;
- градат дијалог за здрава исхрана во образованието за рано детство меѓу организациите, телата за донесување одлуки, корисниците, вклучително и семејствата;
- споделување на иновативни и успешни искуства меѓу партнерите;
- шири акциони планови, стратегии, ресурси и материјали на ЕУ и најдобри практики
- Подобрување на соработката и вмрежувањето на европско ниво помеѓу давателите на грижа во рано детство.

# ПОГЛАВЈЕ II. СЕЛЕКЦИЈА И КОМПОСТИРАЊЕ НА ОРГАНСКИ ОТПАД

## II.1. НЕПРАВИЛЕН ТРЕТМАН НА ОРГАНСКИОТ ОТПАД

Секој ден се повеќе се гушиме во сопствениот отпад. Наместо да седиме со скрстени раце и да чекаме некој друг да го реши нашиот проблем, време е да ги засукаме ракавите и да почнеме да дејствуваме, најпрвин со чистење на отпадот од нашиот двор.

